OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 1 март 2017 година

За првпат на пазарот

# НОВ НАЈ НАЈ КЕШ-КРЕДИТ СО СТАБИЛНА И ГАРАНТИРАНА КАМАТНА СТАПКА ЗА ЦЕЛОТО ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КРЕДИТОТ

Охридска банка Сосиете Женерал уште еднаш ја потврдува својата пионерска позиција во поставување на трендовите во банкарската индустрија во Македонија.
Од денес, Охридска банка Сосиете Женерал во своето кредитно портфолио го воведува новиот НАЈ НАЈ кеш-кредит за физички лица, прв на пазарот според своите карактеристики, кој се одликува со стабилна и гарантирана каматна стапка за целото времетраење на кредитот.

Новиот НАЈ НАЈ кеш-кредит нуди три можности за фиксни каматни стапки, со различни промотивни каматни стапки за првите периоди на кредитот.
Во зависност од желбите и потребите на клиентите, на располагање им се три понуди, односно,

- првата опција подразбира промотивно намалена каматна стапка од 5,75 % за првите 12 месеци и фиксна каматна стапка од 8,45 % од 13. до 95. месец;
- втората опција подразбира промотивно намалена каматна стапка од 6,10 % за првите 24 месеци и фиксна каматна стапка од 8,25 % од 25. до 95. месец; и
- третата опција подразбира промотивно намалена каматна стапка од 6,45 % за првите 48 месеци и фиксна каматна стапка од 7,75 % од 49. до 95. месец.

Каматните стапки се валидни со вклучување на кредитно животно осигурување со осигурителна премија од 0,85 % годишно од износот на кредитот.

- Уште еднаш ги потврдуваме нашите намери за понуда на производи скроени да одговараат на потребите и можностите на граѓаните. Оваа понуда е резултат на длабинските истражувања кои ги спроведовме на пазарот и на нашите вештини да развиеме ваков вид производ. Со оваа уникатна понуда, клиентите уште од самиот почеток го знаат точниот износ на нивната месечна рата за целиот период на отплата и можат безгрижно да го планираат остварувањето на своите желби и потреби. Тоа е она што ја издвојува оваа понуда на пазарот и е дополнителен доказ за неопходната транспарентност за добивање на лојалноста на клиентите.

Дополнително, на клиентите им е дадена можност да изберат една од трите опции која ним најмногу им одговара. Кон тоа ја додаваме и нашата грижа за клиентите во форма на кредитно животно осигурување, за нивна комплетна финансиска заштита за целото времетраење на кредитот. На овој начин, ние, Охридска банка Сосиете Женерал, го градиме тимскиот дух со нашите клиенти – изјави **Стефан Туати**, член на Управниот одбор на Охридска банка Сосиете Женерал.

Дополнително, сите нови клиенти, кои ќе ги рефинансираат своите долгови со НАЈ НАЈ кеш-кредитот во Охридска банка Сосиете Женерал, добиваат дополнителни придобивки, како: без административен трошок и трошок за апликација, без трошок за дебитна картичка за првата година и без трошоци за услугите МОЈА БАНКА – Мобилно банкарство, е-банкарство и СМС-известувања за период од 6 месеци.

По воведувањето на концептот ПЛАН ЗА СТАН со фиксна и гарантирана каматна стапка до 2030 г ., најновиот НАЈ НАЈ кеш-кредит е уште еден важен чекор за Охридска банка Сосиете Женерал во спроведувањето на нејзината мисија за понуда на производи со најтранспарентни услови за нејзините клиенти.

Повеќе информации за оваа понуда клиентите можат да најдат на веб-страницата на Охридска банка Сосиете Женерал, www.ohridskabanka.mk, и во експозитурите на Банката ширум земјата.

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker".*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Гордана Јовановска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 649